Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 12.11.2020

На 11.11.2020 во 18,30 часот на граничен премин „Долно Блаце" при пасошка контрола од полициски службеници бил лишен од слобода Р.М.(31) од Р.Косово, бидејќи било утврдено дека евидира во евиденциите со мерка „апси" по барање на Интерпол од Германија. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициско одделение Мирковци за понатамошна постапка.

На 11.11.2020 во 11.40 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници од СВР Скопје била лишена од слобода С.А.Т.(43) од Скопје бидејќи при претрес кај неа и во нејзиниот дом била пронајдена прашкаста материја и марихуана. По целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.11.2020 во 19.30 часот во СВР Скопје, Ј.З.(62) од Скопје пријавил дека на ул.Кеј 13-ти Ноември бил каснат од куче скитник.

На 11.11.2020 во 18.45 часот во СВР Скопје, М.П.(56) од Скопје пријавила дека на ул.Босна и Хрцеговина била касната од куче скитник.

На 11.11.2020 во 11.10 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" е донесен повреден Д.Т.(36) од Куманово, кој, според пријавеното, се повредил при извршување на работни задачи во фирма во населба Илинден, по што од доктор е констатирана тешка телесна повреда.На местото на настанот излегле полициски службеници од СВР Скопје. За настанот е известен трудов инспектор.

На 11.11.2020 во 13.00 часот во СВР Скопје, А.З.(38) од Скопје, вработен како такси возач, пријавил дека на 10.11.2020 околу 23.20 часот на бензинска пумпа на подрачје на Бутел бил физички нападнат од едно лице кое го превезувал во такси возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2020 во рамките на засилените контролни активности кои се спроведуваат на возилата што вршат јавен превоз на патници на подрачјето на СВР Тетово биле откриени и санкционирани четири возила без потребните лиценци за вршење на ваков вид превоз, на чии сопственици им се изготвени соодветни поднесоци.

СВР Охрид поднесе кривича пријава против З.Ц.(40) од Охрид поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „проневера во службата". Во период од 07.02.2019 до 31.12.2019 во својство на службено лице во угостителски објект во склоп на локалитетот Музеј на вода – Градиште во Охрид, пријавената дел од прометот не го прикажувала во сметководство и финансии и не го внела на сметката од работодавачот, така што при извршен попис на 31.12.2019, комисиски бил констатиран кусок од продажба во износ од 65.730 денари, за кој износ се стекнала со противправна имотна корист за себе, на сметка на НУ„Завод за заштита на споменици на културата и Музеј – Охрид".

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.С.(57), Г.М.(57) и С.Т.(57) сите од Кичево и тоа прво пријавениот поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на лични податоци", а второ и трето пријавениот поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". На 24/25.09.2020 и 01.10.2020 Д.С. без претходна согласност и овластување употребил туѓи лични податоци-барања за обезбедување на шумски сортименти за сопствени потреби од страна на физички лица во државна сопственост поднесено од Б.Ј., без неговo знаење и претходна согласност на начин што, Г.М. и С.Т. вработени во ЈП"Национални шуми"- ПШС Лопушник Кичево, врз основа на барањето за обезбедување на шумски сортименти му оддобриле и издале дозволи на име на Б.Ј. без истиот да биде лично присутен, а на Д.С. му обезбедиле бесправно да обезбеди 8 м3 огревно дабово дрво на штета на ЈП"Национални шуми" во вкупен износ од 56.000 денари.

На 12.11.2020 во 00,55 во СВР Скопје, З.А(55) од Скопје, такси возач, пријавил дека околу 00.45 часот на подрачје на Кисела Вода, две лица со тврд предмет физички го нападнале, а потоа го оштетиле неговото такси возило марка "Мерцедес" со скопски регистарски ознаки и му одземале пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.11.2020 околу 13,45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во продавница на подрачје на Центар, едно лице со закана од вработената одзело 1000 денари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.М (33) од с.Вратница,тетовско поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „кражба на дрва". На 25.10.2020 од полициски службеници на место викано „Табак" забележале огревни дрва и покрај нив бил забележан пријавениот кој изјавил дека огревните дрва сам ги собрал во државно земјиште и за истото не поседувал документација.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Б.(36) од с.Брест, Општина Чучер Сандево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 14.10.2020 околу 20,30 часот, на ул."Индустриска" во Куманово, без регистрирана дејност, во својство на физичко лице со намера да се стекне со противправна имотна корист за себе, со товарно моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки,вршел јавен превоз на 11 м3 огревни дрва, со испратници издадени од фирма од с.Гошинце, без при тоа да поседува лиценца за јавен превоз издадена од надлежен орган.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Е.Т. (40) од Велес поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување,држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали". На 10.05.2020 по издадена судска наредба, извршен е претрес во објект во с.Војница, општина Чашка каде времено престојуваат пријавената и нејзиниот сопруг, при што пред започнување на претресот, пријавената доброволно пријавила дека држи пушка „Бајкал".

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.П.(30) од Скопје поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје, муниција или распрскувачки материи". На 30.10.2020 полициски службеници од СВР Скопје извршиле претрес во домот на пријавениот, каде е пронајден пиштол кал.7,65 мм, една рамка и седум куршуми.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ш.Т.(43) од с.Церово,скопско поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 11.10.2019 од полициски службеници извршен е претрес во домот и помошните простории на пријавениот,а од извршениот преглед во неговото возило биле пронајдени марихуана и кокаин.
На 11.11.2020 околу 15,30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на подрачје на Центар едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Т.Т.(47) од Охрид поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола извршена на 28.10.2020, полициските службеници констатирале дека пријавениот го напуштил својот дом и не го почитувал решението издадено од Државниот здравствен и санитарен инспекторат -Охрид со кое, му е одредено здравствен надзор и домашна изолација во траење од 14 дена.

На 11.11.2020 околу 18,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Шуто Оризари едно лице извршило физички напад и со закана со метален предмет од Р.С.(60) одземало накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет